Уп. Бр. 08-42/2022

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Арамко Оврсис Компани Б.В. (Aramco Overseas Company B.V.), со регистрирано седиште на Шевенингсевег 62-66, 2517 КХ Хаг, Холандија, преку полномошник адвокат Божидар Милошевиќ од Скопје, на седницата одржана на ден 15.03.2022 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која Арамко Оврсис Компани Б.В. (Aramco Overseas Company B.V.), со регистрирано седиште на Шевенингсевег 62-66, 2517 КХ Хаг, Холандија, ќе стекне самостојна контрола над друштвото Лотос СПВ 1 сп. з о.о. (Lotos SPV 1 sp. z o.o.), друштво со ограничена одговорност од Полска, со регистрирано седиште на ул. Елбласка 135, 80-718 Гданск, Полска, по пат на стекнување на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 11.02.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од страна Арамко Оврсис Компани Б.В. (Aramco Overseas Company B.V.), со регистрирано седиште на Шевенингсевег 62-66, 2517 КХ Хаг, Холандија, со која Арамко Оврсис Компани Б.В. има намера да стекне самостојна контрола над друштвото Лотос СПВ 1 сп. з о.о. (Lotos SPV 1 sp. z o.o.), друштво со ограничена одговорност од Полска, со регистрирано седиште на ул. Елбласка 135, 80-718 Гданск, Полска, по пат на стекнување на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Арамко Оврсис Компани Б.В.** е зависно друштво во целосна сопственост на Сауди Арамко.

**Арамко Оврсис Компани Б.В**. е друштво со деловни активности првенствено во Европа, Азија и Африка, нудејќи на своите поврзани друштва во Сауди Арамко глобалната групација широк опсег на услуги, вклучувајќи услуги на финансиска

поддршка, управување со синџир на снабдување, услуги на техничка поддршка и разновидни услуги на административна поддршка. Сауди Арамко е примарно ангажирано со проспекциски геолошки истражувања, истражување, бушење и вадење јаглероводородни супстанци и обработка, производство, рафинирање и пласирање на пазарот на овие супстанци.

Сауди Арамко нема регистрирани зависни друштва во Северна Македонија, xxx.

**Лотос СПВ 1 сп. з о.о.** е зависно друштво, во целосна сопственост на трговското друштво Група Лотос С.А. (Lotos Grupa S.A.), со регистрирано седиште на ул. Елбласка 135, 80-718 Гданск, Полска ( во понатамошниот текст: Лотос). Лотос СПВ 1 сп. з.о.о ќе ги вклучи сите средства и вработени кои учествуваат во тековното работење или се неопходни за да се обезбеди одржливост и конкурентност на деловниот потфат за продажба на големо на гориво на Лотос Палива сп. з о.о. (Lotos Paliwa sp. z o.o.; „ЛП“), зависно друштво, во целосна сопственост на Лотос.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конкуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**[1]

[1] XXX податоците претставуваат деловна тајна